

Адреса:  “Широк Сокак” 60; 7000 Битола; Македонија
Лиценца – “А” категорија; тел: 047/228 185; факс: 047/203 008








# БЕЛГРАД

**1 ден (петок – 29.12.2017): БИТОЛА**

Состанок на групата на паркингот пред спортската сала „Младост“ во 21:30 часот. Поаѓање за Србија во 22:00 часот. Ноќно патување, со кратки попатни одмори и царински формалности. Патот води покрај Прилеп, Велес, Скопје, Врање, Лесковац, Ниш...

**2 ден (сабота – 30.12.2017): БЕЛГРАД**

Пристигнување во Белград во утринските часови. Посета на трговскиот центар Ушче и слободно време за шопинг. После пладне сместување во хотел. Слободно време за одмор.Вечерта упатување кон центарот на градот. Слободно време за индивидуални прошетки низ центарот на Белград илипосета на Скадарлија - највпечатливата улица во Стариот Град, позната  како боемски кварт. Враќање во хотелот.**Ноќевање.**

**3 ден (недела – 31.12.2017): БЕЛГРАД – НОВИ САД**

**Појадок.**После појадокот, поаѓање за факултативна посета на Нови Сад. Разглед на градот со стручен водич: посета на Петровардинската Тврдина, улицата Дунавска, катедралата Св. Марија, Соборната Црква, плоштадот и споменикот Светозар Милетиќ, Народниот Театар... Слободно време за индивидуални активности и прошетки низ празничниот Нови Сад. Во попладневните часови враќање во хотелот. Кратко време за одмор и подготовка за дочекот. Во вечерните часови упатување кон центарот на Белград и дочек на Новата Година на Плоштадот на Републиката со богата музичка програма. Враќање во хотелот. **Ноќевање.**

**4 ден (понеделник – 01.01.2018): БЕЛГРАД**

**Појадок.**После појадокот одјавување од хотелот. Панорамски разглед на градот со стручен водич: Народното Собрание, Народниот Театар, црквата Св. Сава, црквата Св. Марко, Теразије, Дедиње, Мостовите на Сава, најпознатата Кнез Михајлова улица, Калемегдан - белградската тврдина... Поаѓање за Македонија во попладневните часови.

**5 ден (вторник – 02.01.2018): БИТОЛА**

Пристигнување во Битола во утринските часови.

**Цена на аранжманот:5.840,00 денари**

- **Доплата за еднокреветна соба:** 30% од износот на аранжманот

**Цената на аранжманот вклучува:**

- Автобуски превоз на горенаведената релација
- 2 ноќевања со појадок во хотел Слодес со 3 *
    - хотелот се наоѓа на 8км од центарот на Белград
    - во близина на хотелот се наоѓа автобуска постојка со добра врска со центарот на градот
    - цената на такси превоз од градот до хотелот е околу 6-8 €
    - во цената е вклучено и користење на базенот на Wellnes Slodes
    - останатите услуги во Спа центарот се наплаќаат (сауна, парна бања, масажа)
- Разглед на Белград со стручен водич
- Организација, водство и реализација на аранжманот

**Цената на аранжманот не вклучува:**

- Посета и разглед на Нови Сад со стручен водич – 10€ по лице (минимум 35 лица за реализација)
- Туристичка такса – 1,3€ по лице од ноќ
- Патничко осигурување

**Напомена:** За реализација на овој аранжман, потребен е **минимум од 40 патници**, во спротивно, крајниот рок за известување околу евентуален отказ на аранжманот е најкасно 5 дена пред датумот на поаѓање. Организаторот на патувањето го задржува правото за измена на редоследот на поедини содржини во програмата.

**Со оваа програма важат Општите услови на т.а. ТЕО ТРАВЕЛ и СКТМ.**